СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 14/23

Излегува по потреба 03.11.2023 год. (петок) бр. 14 година XXVII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 год. (трет квартал)

1. Се прогласува Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот од 01.01.2023г до 30.09.2023 год. (трет квартал), што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/1 Општина Новаци
03.11.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци ("Службен гласник на Општина Новаци бр.7/19), Советот на Општина Новаци Новаци на 32 седницата одржана на ден 30.10.2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ
на Општина Новаци периодот 01.01.2023 до 30.09.2023 година (трет квартал)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-750/4
30.10.2023 год
Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува тримесечниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци периодот 01.01.2023 до 30.09.2023 година (втор квартал).

Член 2

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во Буџетот на општина Новаци за Периодот **01.01.2023** до **30.09.2023** година изнесува

		Збирни приходи и расходи Кварт3	Буџет за 2023 година		Наменска дотација за 2023 година		Самофинанс активности за 2023 година		Донации за 2023година		Кредити за 2023година		Вкупно за 2023 година		
			План	Реализиро	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	Остана крај на 2023
		ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:													
		ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ	78.801.755	52.713.365	40.227.077	30.084.497	1.142.000	416.476	6.000.000	247.200	0	0	126.170.832	83.461.538	42.709.294
		ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ	91.139.212	60.222.392	39.965.401	29.196.734	870.000	53.234	500.000	181.200	0	0	132.474.613	89.653.560	42.821.053
		КАПИТАЛЕН БИЛАНС:													
		ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ	89.849.325	75.248.727	0	0	0	0	0	0	0	0	89.849.325	75.248.727	14.600.598
		ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	77.511.868	45.721.198	261.676	0	272.000	29.249	5.500.000	0	0	0	83.545.544	45.750.447	37.795.097

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г.

1. Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за 2023 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/2
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-750/5
30.10.2023 год
Новаци

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, РСМ 151/21), Советот на Општина Новаци на 35-тта седница, одржана на 30.10.2023 година, донесе:

Одлука
за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

Општ дел

Член 1

Измена и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за **2023 година** се состои од:

I.Вкупни приходи	**БУЏЕТ**	**РЕБАЛАНС**
	211.490.759,00	**224.195.389,00**
Даночни приходи	32.239.990,00	32.239.990,00
Неданочни приходи	1.872.000,00	1.872.000,00
Капитални приходи	89.849.325,00	89.849.325,00
Приходи од дотации	40.168.000,00	42.141.400,00
Приходи од трансфери	41.661.444,00	52.092.674,00
Приходи од донации	5.700.000,00	6.000.000,00
II. Вкупни расходи	**213.860.157,00**	**226.578.952,00**
Од утврдени намени	213.710.157,00	226.428.952,00
Расходи од резерви	150.000,00	150.000,00
III.Дефицит	-2.369.398,00	-2.383.563,00
IV.Финансирање	**2.369.398,00**	**2.383.563,00**
Прилив	**4.229.398,00**	**4.229.398,00**
Домашни задолжувања	0	
Депозит	4.229.398,00	4.229.398,00
Одлив	**1.860.000,00**	**1.845.835,00**
Отплата на главница	1.860.000,00	1.845.835,00

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите,

билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на Општината Новаци за 2023 година, а чиј составен дел се и Прегледот на развојните програми и тоа како што следува:

Член 3

Приходите и расходите во износ од **228.424.787,00 денари** искажани по основни намени во Билансот на приходи и расходи во буџетот на Единицата на локална самоуправа за 2023 година, се распоредени по корисници и поблиски намени во посебниот дел

Член 4

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општината Новаци.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за зимско одржување на проодноста наопштинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2023/24 година

1. Се прогласува Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2023/24 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/3 Општина Новаци
03.11.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-750/6
30.10.2023 год
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел./факс 047-203-060; e-mail: novacio@t.mk

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 12 и член 94 од Статутот на Општина Новаци, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 год. донесе :

ПРОГРАМА
за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2023/24 година

Вовед

Појдовна основа за изработка на Програмата е член 14 став 4 и член 34 од Законот за јавни патишта („Сл Весник на РМ“ бр. 84/2008, 124/10, 53/11, 150/15, 163/16, 174/2021) како и член 34 став 3 точка 2 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ бр. 34/04, 86/08, 6/04, 124/10, 129/15, 106/16, 83/18, 215/21).

Содржина

1. Цел на Програмата
2.Обем, динамика и ниво на одржување
3.Огранизациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците
3.1 Претпријатието на кое ке му биде доверена работата
3.2 Советот на Општина Новаци
3.3. Единицата на локална самоуправа
3.4 Надзорен орган
3.4 Други учесници
4. Прилози

1. Цел на програмата

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Новаци преку :

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снего и голомразиците од коловозните површини ;
- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реалзиацата на оваа Програма ;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата .

2. Обем, динамика и ниво на одржување

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата , физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за фукнционирање на сообраќајот и тоа :

- локални патишта и улици по соодветен приоритет, по тип на коловоз, по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот), објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

2.2. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:
- локални патишта и улици од прв приоритет, по кои се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кои се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кои се одвива сообраќајот.

Дежурството се обзебедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите со својата ангажирана механизација и работна сила и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

3. Организациска поставеност на службеност за зимско одржување и обврски на учесниците

На подрачјето на Општина Новаци, службата за зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа - Новаци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа.

Согласно Законот за јавни набавки (член 24 од ЗЈН) се одредува претпријатие кое ќе ја спроведува Програмата и ќе остварува соработка со сите други субјекти задолжени за спроведување на истата .

Функционирањето на службата за зимско одржување се остварува со следната организациска поставеност :

3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите

Претпријатието (Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена "Новаци) на кое ќе му бидат доверени работите ,формира тело за организирање и раководење на службата за зимско одржување . Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики .

Претпријатието (ЈПКД„Комунална хигиена"Новаци) ги има следните задолженија :

- организира непреќинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период ;
- со специјална машина , опрема и работна рака врши чистење на снегот и посипување на песок и ризла на коловозните површини ;

- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за дејствување во зимски услови ;
- води комплетна документација за работата на службата за зимско одржување;
- редовно, навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за зимско одржување;
- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за зимско одржување до нарачателот, РЦУК-Битола и подрачното одделение на МВР ;
- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и успешно дејствување на службата за зимско одржување ;
- за сезоната 2023/24 година во доволни количини да обезбеди песок и ризла за посипување на коловозните површини ;

3.2. Советот на Општина Новаци

- ја усвојува оваа Програма ;
- го контролира извршувањето на оваа Програма

3.3. Единицата на локална самоуправа – Новаци

- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за зимско одржување

3.4. Надзорен орган

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализација на Програмата за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на подрачјето на Општина Новаци за сезоната 2023/24 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи :

- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- врши координација со органите и телата на Советот на општина Новаци, РЦУК-Битола, подрачното одделение на МВР и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата

3.5. Други учесници

3.5.1 Подрачното одделение на МВР го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во Општина Новаци и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите .

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на Општина Новаци, во делот на отстранување на снегот и мразот преку инспекциски служби.

3.5.3.Државниот хидрометролошки завод преку РЦУК-Битола доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до Општина Новаци, претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.
3.5.4. Подрчаното одделение на ЕВН АД Скопје, КЕЦ Битола ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.
3.5.5 Подрачното одделение на Македонски телеком АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди и инсталации.
3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта, амбуланти, железнички премини, бензиски пумпи, гробишта и слични објекти), преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.
3.5.7 Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (дуќани , продавници, ресторани и сл. објекти) преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.
3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеиките и приодите пред своите домови.

За сите оние коие нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред.

4. Оперативен план со преглед и приоритети на општинските патишта кои се предмет на зимско одржување

4.1. Со оглед на тоа што низ поголемиот дел од населените места транзитираат регионални патишта за кои одржувањето на коловозната конструкција и зимското одржување се во надлежност на ЈП „Македонија пат“, чистењето на снегот во зимски услови е насочен на општинските патишта.

Со чистењето на регионалните патишта кои истовремено се транзитни улици низ населените места во општината, опфатени се главните улици на следните места :

- Новаци - улица , опфатена со регионалниот пат Р-1311(Битола-Новаци-Маково)
- Добромири - улиците опфатени со регионалниот пат Р-2340
- Маково - улица опфатена со регионалниот па Р-1311(Битола-Новаци Маково)
- Рапеш - улица опфатена со регионалниот пат Р-1311 (Маково – Рапеш - Старавина)
- Гермијан, Бач, Добровени - улици опфатени со регионалниот пат Р-2338 (Гермијан – Старавина - Витолиште)

5. Чистењето на снег во зимски услови на општинските патишта ќе се врши според следниот редослед и приоритет :

реден број (приоритет)	Патен правец	должина во км
1	рег пат Р-2340 Г.Агларци	1
2	рег пат Р-2340 Д.Алгарци	0,8
3	рег пат Р-2340 Далбеговци	1
4	рег пат Р-2338 Живојно	6
5	Новаци-Рибарци	2.5
6	Рибарци –Гнеотино	4
7	Гнеотино –Брод	6
8	рег пат Р2338 Брод	2
9	рег пат Р-1311 Мегленци	1,5
10	Мегленци –Арматуш	2,5
11	рег пат Р-1311 Паралово	3

12	рег пат Р-1311 Д.Орехово	2
13	Д.Орехово-Грумази	5
14	Грумази-Ивени	7
15	Маково-Орле	4
16	рег пат Р-1311 Брник	3
17	рег пат Р-1311 Зовиќ	5
18	рег пат Р-1311-Груниште	4
19	рег пат Р-1311-Будимирци	4
20	Старавина-Градешница	3
21	Новаци-Тепавци	12
22	Ново село-Балдовенци	2
23	Тепавци-Гнилеж	5
24	Брод-Велесело	4
25	Брод-Сливица	4

6. Чистењето на снегот започнува во првите моменти на завртнување односно после наврнување на снег во висина од 5 цм,а најдоцна до 6 часа од почетокот на снежните врнежи

7. При наврнување на поголеми количини на снег на патиштата со дебелина на снежната покривка поголема од 20 цм , по наредба на Штабот за заштита и спасување на Општина Новаци во чистењето на снегот ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци се вклучува во чистењето и помош ќе побара од ЈП „Македонија пат“, која ќе биде присутна на терен при чистењето на регионалните патишта. Во екстремни случаеви ќе бидат вклучени и приватните фирми и другите правни лица кои поседуваат градежна механизација, а во краен случај со посебни мерки се вклучува и месното населениеза рачно расчистување на снегот.

8. Се задолжуваат претпријатата кои се задолжени со механизација во овој план, да обезбедат исправност на механизацијата, за истото навремено да ја информираат општината.

9. Посебно внимание во одржувањето на проодноста на патот ќе биде посветенона делницата Р-1311 Маково (.в. Преслап) , Р-2338-Старавина, рег. пат Р-2338 –Живојно, каде што поради конфигурацијата на теренот можни се наноси од снег кои бараат почеста интервенција.

10. Средствата за зимско одржување, во износ од 1.200.000.00 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Новаци .

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска -Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите

1. Се прогласува Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/4
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 39 и 41 од Закон за заштита на правата на пациентите (,,Службен весник на РМ'' бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и „Службен весник на РС Македонија" бр. 190/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци" бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-750/7
30.10.2023 год
Новаци

ОДЛУКА

за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите на територијата на Општина Новаци.

Член 2

Комисијата за унапредување на правата на пациентите, брои 11 членови.

За членови на Комисијата се именуваат:

1. Николче Димовски – совет
2. Иванчо Котевски – совет
3. Пецо Дојчиновски – совет
4. Роберт Јосифовски – пациент
5. Ицо Секуловски – пациент
6. Славица Најдовска - Стојковска – доктор
7. Живко Даскаловски – доктор
8. Ѕвезда Николовска – здружение
9. Андреј Наумовски – здружение
10. Благоја Матичевски – здружение
11. Горан Гроздановски – здружение

Член 3

Комисијата од член 1 ги врши следните работи:

1) унапредување на правата на пациентите и нивна заштита;

2) ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;

3) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;

4) соработува со надлежните органи;

5) разгледува поплаки од пациентите и предлага преземање на мерки до надлежните органи;

6) бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;

7) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите како и на мерките превземени за заштита на правата на пациентите;

8) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред Советот на општината;

9) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и

10) врши и други работи пропишани со овој закон.

Член 4

Мандатот на членовите на Комисијата изнесува 2 години, со право на уште еден последователен избор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Новаци''.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Решение за именување на членови на Управен одбор
на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци

1. Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Решение за именување на членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/5
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 17 став 2, 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци’’ бр. 7/19), Советот на Општина Новаци, на седницата што ја одржа на ден 30.10.2023г. донесе:

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Решение за именување на членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци бр. 14-1079/30 од 29.12.2021г.

Член 2

Во Решението, во точка 2, ставовите 4 и 5 се менуваат и гласат:

- Стефан Стојановски
- Иванчо Петковски

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/8
30.10.2023г.
Новаци

Совет на ОпштинаНоваци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на основен Статут на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци

1. Се прогласува Одлука за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на основен Статут на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/6
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) член 26 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на основен Статут на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на основниот Статут на ООУ„Славко Лумбарковски“ Новаци бр. 02-362/1 од 13.10.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/9
30.10.2023г.
Новаци

Совет на Општин Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година

1. Се прогласува Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/7
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ООУ ,,Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година, бр. 05-347/1 од 06.10.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/10
30.10.2023г.
Новаци

Совет на Општин Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци

1. Се прогласува Одлука за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/8
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) како и Барањето од ООУ ’’Славко Лумбарковски“ бр. 03-361/2 од 13.10.2023г., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци

Член 1

Со оваа Одлука се одлучи да се санира електричната инсталација и соодветно да се поврзат клима уредите во подрачните училишта на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/11
30.10.2023г.
Новаци

Совет на Општин Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за санација на прозори во подрачното училиште на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во село Бач

1. Се прогласува Одлука за санација на прозори во подрачното училиште на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во село Бач, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/9
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) како и Барањето од ООУ ’’Славко Лумбарковски“ бр. 03-361/2 од 13.10.2023г. Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за санација на прозори во подрачното училиште на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во село Бач

Член 1

Со оваа Одлука се одлучи да се санираат прозорите во подрачното училиште на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во село Бач.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/12
30.10.2023г.
Новаци

Совет на Општин Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на
Соња Миленковска од с. Паралово

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Миленковска од с. Паралово, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/10
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Соња Миленковска од с. Паралово

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Соња Миленковска од с. Паралово, лице со посебни потреби.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Соња Миленковска
ЕМБГ 2307974415017
Трансакциска сметка 500800015794497
Депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/13
30.10.2023г.
Новаци

Совет на Општин Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митревска с. Новаци

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митревска с. Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/11
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митревска с. Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Снежана Митревска с. Новаци, лице со здравствени проблеми.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Снежана Митревска с.Новаци
ЕМБГ 0904960415023
Трансакциска сметка 500600020166976
Депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/14
30.10.2023г.
Новаци

Совет на Општин Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение за спорт „ОФФ Роуд Клуб Пелистер“ Битола

1. Се прогласува Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение за спорт „ОФФ Роуд Клуб Пелистер“ Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/12 Општина Новаци
03.11.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение за спорт „ОФФ Роуд Клуб Пелистер“ Битола

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна финансиска помош на Здружението за спорт „ОФФ Роуд Клуб Пелистер“ Битола, за организирање на дводневна ОФФ Роуд Тура, која ќе се вози во пределот на Кајмакчалан.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 30.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на

Име ЗС„ ОФФ Роуд Клуб Пелистер “ Битола
Жиро сметка 500000001150641
Депонент Стопанска Банка Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-750/15 Совет на Општин Новаци
30.10.2023г. Претседател
Новаци Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Финансиска Програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 г.

1. Се прогласува Финансиска Програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023г., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-784/13
03.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-750/16
30.10.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

Врз основа член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.10.2023 год. донесе

Финансиска Програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 год.

Врз основа на член 157 и член 158 од Законот за основно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

За програмата Н1 – основно образование во буџетот на Општина Новаци за 2023 година се издвоени вкупно 830.000,00 денари, кои се однесуваат за исплата на Регрес за годишен одмор.Додека од Министерство за образование како дотации според насоките од Министерството за финансии со Архивски број 08-5678/2 се предвидени 37.735.000,00 денари, од кои 34.016.213,00 денари за Плати и надоместоци, 3.566.188,00 денари за стоки и услуги , капитални расходи во износ од 211.676,00. За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 50.000,00 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 0 денари.

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
Програмата јавни дејности (образование) во Општина Новаци
за 2023 година

р.бр.	Програма	Ставка	Опис	Буџет	Дотации
1	Н1	401130	Основни плати		22.601.733,00
2	Н1	401310	Персонален данок на доход од плата		1.784.669,00
3	Н1	402110	Основни придонеси за ПИО		6.372.467,00
4	Н1	402210	Основни придонеси за здравство		2.542.209,00
5	Н1	402220	Основен придонес за професионално заболување		169.461,00
6	Н1	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		425.674,00
7	Н1	404110	Надомест за годишен одмор	830.000,00	120.000,00
7	Н1	421110	Електрична енергија		509.077,00
8	Н1	421120	Водовод и канализација		20.000,00
9	Н1	421130	Ѓубретарина		12.000,00
10	Н1	421190	Други комунални такси и услуги		10.000,00
11	Н1	421220	Дрва		500.000,00
12	Н1	421240	Течни горива		1.300.911,00
13	Н1	421310	Пошта		

					5.000,00
14	H1	421320	Телефон и текефакс		19.200,00
15	H1	421390	Други трошоци за комуникација		45.000,00
14	H1	421410	Горива и масла		600.000,00
15	H1	423110	Канцелариски материјали		60.000,00
16	H1	423610	Наставно-образовни помагала		10.000,00
17	H1	423710	Средства за одржување на хигиена		50.000,00
18	H1	423720	Материјали за разни поправки		50.000,00
19	H1	423810	Ситен инвентар		10.000,00
20	H1	424210	Одржување на згради		120.000,00
20	H1	424230	Дезинфекциј,Дезинсекција и дератизација		25.000,00
21	H1	424420	Поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема		20.000,00
21	H1	424440	Поправки и одржување на друга опрема		6.000,00
21	H1	425250	Осигурување на недвижности и права		20.000,00
22	H1	425290	Други финансиски услуги		2.000,00
22	H1	425490	Други здравствени услуги		55.000,00
23	H1	425990	Други договорни услуги		53.000,00
24	H1	426210	Семинари и конференции		9.000,00
23	H1	426410	Објавување на огласи		50.000,00
24	H1	426990	Други оперативни расходи		5.000,00
25	H1	480140	Купување на информатичка и видео опрема		211.676,00
26	H1	480190	Купување на друга опрема		

			Вкупно:		
1	H2	401130	Основни плати		
2	H2	401310	Персонален данок на доход од плата		
3	H2	402110	Основни придонеси за ПИО		
4	H2	402210	Основни придонеси за здравство		
5	H2	402220	Основен придонес за професионално заболување		
6	H2	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		
7	H2	421110	Електрична енергија		
8	H2	421120	Водовод и канализација		
9	H2	421130	Ѓубретарина		
10	H2	421190	Други комунални такси и услуги		
11	H2	421220	Дрва		
12	H2	421240	Течни горива		
13	H2	421390	Други трошоци за комуникација		
14	H2	421440	Транспорт на луѓе		
15	H2	423110	Канцелариски материјали		
16	H2	423610	Наставно-образовни помагала		
17	H2	423710	Средства за одржување на хигиена		
18	H2	423720	Материјали за разни поправки		
19	H2	423810	Ситен инвентар		
20	H2	424210	Одржување на згради		
21	H2	424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		
22	H2	424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		
23	H2	424440	Наставно-образовни помагала		
24	H2	425490	Други здравствени услуги		
25	H2	425760	Превозни услуги во образованието		
26	H2	425970	Консултантски услуги		
27	H2	425990	Други договорни услуги		

28	H2	426310	Семинари и конференции		
29	H2	426410	Објавување на огласи		
30	H2	426990	Други оперативни расходи		
31	H2	464990	Други трансфери		
32	H2	480140	Купување на информатичка и видео опрема		
33	H2	480190	Купување на друга опрема		
34	H2	482930	Реконструкција на други објекти		
			Вкупно:		

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за финансии и Одделението за општи и правни работи на Општина Новаци.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци".

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот од 01.01.2023г до 30.09.2023 година (трет квартал**);**

2. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г.;

3. Заклучок за прогласување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новациза сезоната 2023/24 година;

4. Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;

5. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Решение за именување на членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци;

6. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на основен Статут на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци;

7. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година;

8. Заклучок за прогласување на Одлука за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци;

9. Заклучок за прогласување на Одлука за санација на прозори во подрачното училиште на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во село Бач;

10. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Миленковска од с. Паралово;

11. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митревска с. Новаци;

12. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение за спорт „ОФФ Роуд Клуб Пелистер“ Битола;

13. Заклучок за прогласување на Финансиска Програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 год.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка 749014004563010

Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939